# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ ОД32

## I.1 Општ дел ОД32-1

1. **Име и презиме на вработени лиценцирани застапници во осигурување** – се внесува име и презиме на секое лице кое врз основа на договор за работа во друштвото за застапување во осигурување односно банката добило лиценца за застапник во осигурување и врши работи на застапување во осигурување во друштвото односно банката.

## I.2 Извештај за вработени и ангажирани лиценцирани застапници и останати ангажирани лица од страна на друштвото за застапување во осигурување односно банката ОД32-1

1. **Договор за работа со лице кое има лиценца за застапник во осигурување** – се внесува број на лица кои врз основа на договор за работа со друштвото за застапување во осигурување односно банката добиле лиценца за застапник во осигурување и вршат работи на застапување во осигурување во друштвото односно банката.

2. **Договор за застапување во осигурување со лице кое има лиценца за застапник во осигурување** – се внесува број на лица кои врз основа на договор за застапување со друштвото за застапување во осигурување добиле лиценца за застапник во осигурување и вршат работи на застапување во осигурување за друштвото.

3. **Договор за работа – останати лица** – се внесува број на сите останати лица кои работат во друштвото со договор за работа (освен лицата наведени во точка 1).

4.**Други договори (договор на дело, договор за соработка и сл) - останати лица** – се внесува број на сите останати физички и правни лица кои врз основа на разни договори (договор на дело, договор за соработка, авторски договор и сл.) се ангажирани од друштвото за извршување на одредени работи и задачи поврзани со работењето на друштвото (освен лицата наведени во точка 2). Во овој дел не се внесуваат податоци за склучените договори за деловна соработка со друштвата за осигурување.

**Напомена: Банка која има согласност за вршење работи на застапување во осигурување пополнува податоци само во однос на точката 1.**

## I.3 Извештај за вработени лиценцирани застапници по подружници на друштвото односно банката ОД32-2

1. **Подружница на друштвото/банката** – се внесува назив на подружницата на друштвото односно банката.

2. **Седиште на подружницата** – се внесува седиштето на подружницата според податоците запишани во централниот регистар.

3. **Број на вработени лиценцирани застапници** – се внесува број на лица кои врз основа на договор за работа со друштвото за застапување во осигурување односно банката добиле лиценца за застапник во осигурување и вршат работи на застапување во осигурување во подружницата на друштвото односно банката.

4. **Одговорно лице** – се внесува име и презиме на одговорно лице на подружницата.

**Напомена: Банка која има согласност за вршење работи на застапување во осигурување пополнува податоци само во однос на подружниците на банката во кои банката врши работи на застапување во осигурување**

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ ОБДЗ

### I.1 Општ дел ОБДЗ-1

1. **Име и презиме на вработени лиценцирани брокери** – се внесува име и презиме на секое лице кое има лиценца за осигурителен брокер и кое врз основа на договор за работа со осигурително брокерското друштво врши осигурително брокерски работи во друштвото.

### I.2 Извештај за вработени и ангажирани лиценцирани осигурителни брокери и останати ангажирани лица од страна на друштвото ОБДЗ-1

1. **Договор за работа со лице кое има лиценца за осигурителен брокер** – се внесува број на лица кои имаат лиценца за осигурителен брокер и кои врз основа на договор за работа со друштвото вршат осигурително брокерски работи во друштвото.

2. **Договор за работа – останати лица** – се внесува број на сите останати лица кои работат во друштвото со договор за работа (освен лицата наведени во точка 1).

3. **Други договори (договор на дело, договор за соработка и сл) останати лица** – се внесува број на сите останати физички и правни лица кои врз основа на разни договори (договор на дело, договор за соработка, авторски договор и сл.) се ангажирани од друштвото за извршување на одредени работи и задачи поврзани со работењето на друштвото (освен лицата наведени во точка 2). Во овој дел не се внесуваат податоци за склучените договори за деловна соработка со друштвата за осигурување.

### I.3 Извештај за вработени лиценцирани брокери по подружници на друштвото ОБДЗ-2

1. **Подружница на друштвото**– се внесува назив на подружницата на друштвото.

2. **Седиште на подружницата** – се внесува седиштето на подружницата според податоците запишани во централниот регистар.

3. **Број на вработени лиценцирани брокери** – се внесува број на лица кои имаат лиценца за осигурителен брокер и кои врз основа на договор за работа со друштвото вршат осигурително брокерски работи во подружницата на друштвото.

4. **Одговорно лице** – се внесува име и презиме на одговорно лице на подружницата.